Архивски знак: 0204
Рок на чување: трајно год.
201___ година

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut
**Министерство за спорт** | **Ministria e Sportit**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ
MINISTRIA E SPORTIT
Бр.-Nr. 02-971/1
06.05 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

# ЕТИЧКИ КОДЕКС

## за однесување на вработените во

## Министерство за спорт

Скопје, Мај 2025 година

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/2019; 154/2019 и 121/24), Министерот за спорт донесе

# ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ

## 1. ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој Етички кодекс (во понатамошниот текст кодекс) се утврдуваат основните етички начела и тоа начинот на однесување, постапување и извршување на професионалните задачи на вработените во Министерството за спорт (во понатамошниот текст Министерството) и другите лица кои вршат работи во Министерството со цел обезбедување на:

- уставност и законитост, професионалност и личен интегритет, висок морал и стандарди, ефикасност, ефективност, лојалност, посветеност и зголемена одговорност при вршење на работите и работните задачи на вработените, заштита на човековите слободи и права при извршување на работните задачи во рамките на законите и Уставот на Република Северна Македонија како и зајакнување на интегритетот на Министерството и јакнење на довербата на граѓаните во нивната работа.

EGZEMPLARI ARKIVOR

## 2. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

### Член 2

(1) Вработените во Министерството во извршување на работите и работните задачи, се придржуваат кон одредбите на овој Кодекс.

(2) Непочитување на одредбите на овој Кодекс претставува кршење на работниот ред и дисциплина односно неисполнување на работните обврски согласно позитивините прописи.

### Член 3

Вработените во Министерството при вршење на работите и работните задачи се раководат од следните основни принципи:

- законитост, непристрасност, стручност и професионалност во работењето согласно Уставот на Република Северна Македонија и законите
- политичка непристрасност и неутралност
- остварување на јавниот интерес
- постапување според овластувањата и статус и искористување на својата функција, јавно овластување, службена должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или друг
- взаемно почитување и заштита на угледот на Министерството
- избегнување на судир на интереси, неетичко однесување и неприфатливи активности на вработените во Министерството
- придржување до сите Закони и регулативи кои предвидуваат еднакви можности и услови за сите
- доверливост на службените информации и почитување на обврската за чување на деловни тајни
- ефикасно и економично користење на средствата
- забрана на примање подароци и корист од други лица заради делување или неделување во министерството
- професионален изглед на вработените

## Принцип на законитост, стручност, професионалност и непристрасност во работењето

### Член 4

Вработените во Министерството во вршење на работите и работните задачи ги почитуваат Уставот на Република Северна Македонија, законите, ратификуваните меѓународни договори, подзаконските прописи и интерните акти на Министерството.

### Член 5

Вработените при извршување на работите и работните задачи постапуваат објективно и непристрасно и обезбедуваат еднаков третман на сите граѓани.

### Член 6

При постапувањето во конкретни предмети и донесувањето на конкретни одлуки вработените не се раководат од погрешна, неправилна или неразумна оцена на фактичката состојба заради предрасуди, остварување амбиции за напредување во кариерата, судир на интереси, закани од препоставените вработени или лицата засегнати во конкретен случај.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

## Член 7

Вработените се должни работата да ја извршуваат стручно, професионално и ефикасно со користење на своите најдобри знаења и вештини, да го следат развојот и да ги применуваат новите знаења, да бидат самодисциплинирани, како и стручно и професионално да се наградуваат заради личен напредок и ефикасност на Министерството.

## Член 8

Вработените континуирано го усовршуваат своето општо и стручно образование и ја подобруваат својата стручност и психо-физичка подготвеност.

## Член 9

(1) Во случаи кога од работниците се бара да дејствуваат на неетички начин или да превземат активности кои претставуваат кршење на одредбите од овој Кодекс, за истотот писмено го информираат својот непостреден раководител.

(2) Доколку барањето за недозволено однесување потекнува од непосредниот раководител, вработениот по писмен пат го известува непосредниот раководител на вработениот кој бара извршување на активности во смисла на ставот (1) на овој член.

(3) Раководителот изнаоѓа ефикасен начин за проверка на ваквите наводи и во случаите кога ќе се потврди постоењето на истите, поднесува барање до организациската единица за внатрешна контрола во Министерството, за преземање и испитување на случајот.

(4) Вработените кои пријавуваат неетичко однесување на свои колеги – вработени во Министерството се заштитени и поддржани во постапката за пријавување на непочитувањето на одредбите од овој Кодекс.

Морално е неприфатливо на непочитување на стандардите на професионално однесување, кои можат да доведат до неуспех во работата, нарушување на професионалноста, стручноста и ефикасноста.

## Член 10

(1) Неетичко однесување на вработените може да пријави вработен во Министерството, физичко и правно лице.

(2) Пријавувањето од ставот (1) на овој член се врши:
- Во писмена форма
- По електронски пат (електронска пошта)
- Со усна пријава која ќе биде соодветно евидентирана по формален пат



АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

## Политичка непристрасност и неутралност

### Член 11

(1) Вработените ги извршуваат работните задачи на политички неутрален начин.

(2) Вработените не го застапуваат или изразуваат своето политичко уверување во вршењето на работните задачи и при службените контакти.

(3) Вработените не вршат политичка активност која може да влијае на довербата во нивната способност да ги извршуваат работните задачи на непристрасен и објективен начин.

(4) Вработените во односите со физичките и правните лица, како и во односите со другите вработени во извршување на службените задачи, нема да ја споменуваат, истакнуваат или посредно да ја ставаат до знаење нивната припадност кон одредена политичка партија.

(5) Вработените нема да превземаат активности со кои ќе ги обврзат другите вработени на Министерството да се придружат кон одредена политичка партија, ниту ќе ги поттикнат да го сторат тоа ветувајќи им напредок во кариерата.

## Остварување на јавниот интерес

### Член 12

(1) Вработените во своето работење се посветени исклучиво на јавниот интерес и општото добро на Република Северна Македонија и нејзините граѓани.

(2) Вработените воспоставуваат односи на заемна доверба и соработка со граѓаните и правните лица, покажувајќи разбирање, пристојност и волја да се помогне, а не да се попречи остварувањето на нивните права и интереси.

## Искористување на својата функција, јавно овластување, службена должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или друг

### Член 13

(1) Вработените во извршувањето на работите и работните задачи не треба да ги користат предностите што произлегуваат од нивниот статус, ниту информациите со кои се стекнале при извршување на службената должност заради остварување на лична корист.

(2) Вработените не треба да нудат ниту да обезбедуваат било какви предности кои би биле поврзани со нивниот статус во Министерството.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

(3) Вработените свесно и со намера не треба да ја доведуваат во заблуда јавноста или другите вработени во Министерството.
(4) Вработените во службената или приватната комункација со физичките и правни лица не треба да создаваат или изнесуваат лажни тврдења во поглед на нивната службена положба, статус или овластување.
(5) Вработениот не смее да го користи работното место и функција за приватни цели и за своја лична корист или корист за неговите роднини, пријатели, организации и фирми кај кои бара вработување, дури и во случаи што таквото однесување не би предизвикало никаква штета за институцијата.
(6) Вработениот не смее несоодветно да го користи авторитетот, да бара, поттикнува, присилува или насочува од друг вработен да врши други активности во работното време, освен активностите кои се неопходни за вршење на службените должности или за кои се овластени со закон и други позитивни прописи.

## Взаемно почитување и заштита на угледот на Министерството

### Член 14

(1) Вработените нема да се ангажираат во било какви активности што се спротивни на вршење на нивните службени должности согласно позитивните прописи и ќе сторат се за да ги избегнат ситуациите, однесувањата и контактите со граѓаните кои можат да наштетат на интересот, угледот и интегритетот на Министерството.
(2) Вработените се однесуваат професионално и ги задржуваат највисоките стандарди на однесување, односно се однесуваат со особено внимание и почитување на личноста и угледот на секој поединец со што придонесуваат за зачувување и унапредување на довербата на јавноста во интегритетот, непристрасноста и ефикасноста на Министерството.

## Избегнување на судир на интереси, неетичко однесување и неприфатливи активности на вработените во Министерството

### Член 15

(1) Вработените во извршувањето на нивните овластувања и должности, избегнуваат било каков судир помеѓу јавниот и приватниот интерес, односно доведување на состојба на сомнеж за постоење на судир на интереси.



АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

(2) Вработените во извршувањето на должностите особено водат сметка за почитување на Уставот, Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за заштита на укажувачите и другите прописи и обезбедуваат механизми за нивното почитување од страна на сите вработени во Министерството.
(3) Вработените во извршувањето на своите службени должности секогаш треба да постапуваат во служба на јавниот интерес, исклучувајќи ги своите приватни интереси, почитувајќи ги принципите за законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионалност.

## Придржување до сите Закони и регулативи кои предвидуваат еднакви можности и услови за сите

### Член 16

Вработениот ќе се придржува до сите Закони и регулативи кои предвидуваат еднакви можности и услови за сите во материјални и нематеријални смисла, без разлика на раса, боја на кожа, вероисповест, пол, етничко потекло, возраст или хендикеп.

## Доверливост на службените информации и почитување на обврската за чување на деловни тајни

### Член 17

(1) Вработените се должни да се грижат за сигурноста и доверливоста на сите информации и документи кои произлегуваат од работењето во Министерството.
(2) Вработениот не смее неовластено и во неовластени цели да користи и да даде која било информација.
(3) Забрането е објавување на било каков начин информации до кои вработениот има пристап во вршењето на службените работи и должности, видови и начини на работа или било какви други доверливи информации.
(4) Вработените дури и по престанокот на работниот однос, функција или ангажман не смеат да ги објавуваат информациите и податоците на лица кои не се овластени.



...ПРИМЕРОЦИ
EGZEMPLARI ARKIVOR

## Ефикасно и економично користење на средствата

### Член 18

(1) Вработените обезбедуваат максимално ефикасно и економично управување и користење на материјалните средства, опрема и предметите што им се доверени во извршување на работните задачи и го спречуваат нивното незаконско користење и располагање.
(2) Вработените превземаат соодветни мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети и за отстранување на можноста за предизвикување на материјална штета во Министерството.
(3) Вработените не ги користат за приватни цели средствата, предметите или опремата што им е доверена на користење и располагање во Министерството.

## Забрана на примање подароци и корист од други лица заради делување или неделување на Министерството

### Член 19

(1) Вработените во Министерството не смеат да бараат, ниту да примаат, односно да дозволат друго лице во нивно име или за нивна корист или сметка да бара односно да прима корист, награди, надоместоци или подароци од било кој извор без разлика дали се во финансиска или во нефинансиска форма.
(2) На вработениот му е забрането, во врска со работите што ги врши, непосредно или посредно, во свое и туѓо име (за членови на неговото семејство, блиски роднини, пријатели и сл.), да бара или да прима подароци, награди, надоместок, ветување, услуги или прибавување на друга корист, кои имаат коруптивен карактер и со кои би можело да се делува на донесувањето на решение и одлука или да го корумпира неговиот професионален однос.
(3) Вработениот не смее да ја користи својата службена позиција или овластување со тоа што ќе дава привилегии на трети лица за надоместок, а спротивно на независноста, чесноста и професионалното достоинство ќе ги користи за остварување на имотна корист за себе и некој друг или на друг ќе му причини одредена штета.
(4) Вработениот кој е ставен во позиција да му се нуди подарок или друга корист непосредно поврзани со активностите кои тој ги извршува на работното место е должен да ја одбие таквата понуда и без одложување да пријави кај својот непосреден претпоставен.

ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

(5) Вработените не смеат да нудат ниту да даваат користи, награди, надоместоци или подароци на странки со цел остварување на одреден бенефит за себе, својата фамилија, пријатели, здруженија или политичка партија, приемот на недозволената корист, награда, надоместок или подарок претставува повреда на одредбите на овој кодекс при што се предвидува дисциплниска одговорност.

## Професионален изглед на вработените

### Член 20

(1) Стилот на облекувањето и надворешниот изглед на секој вработен има влијание не само врз угледот на институцијата, но најважно врз јавната перцепција за вработените во Министерството.
(2) Вработениот со својот изглед мора да прикажува професионализам и уредност.
(3) Вработениот е должен на работа да доаѓа чист, уреден, одморен и пристојно облечен, што подразбира облеката да биде така одбрана, со бојата/дезенот и кројот да не предизвикува особено внимание.
(4) Деловна облека за жени ја чини деловен комплет, фустан, здолниште најкусо до колената, панталони, блуза, кошула, сако.
(5) Деловната облека за мажи ја чини костум, панталони, сако, кошула, блуза.
(6) Накитот, шминката, фризурата и маникирот треба да бидат така одбрани да одаваат пристојност и уредност и да бидат прилагодени на деловниот изглед.

## Примена на одредбите на етичкиот кодекс

### Член 21

Секој вработен мора да ги почитува сите одредби од кодексот, почнувајќи од раководителите кои преку личното однесување треба да дадат пример за начинот на постапување и почитување на етичките принципи на вработените во Министерството.

## 3. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој кодекс влегува во сила од денот на неговото потпишување.

МИНИСТЕР
БОРКО РИСТОВСКИ

**Изработил:** м-р Бошко Лепчески
**Одобрил:** м-р Снежана Соколова
**Доставено до:**
- Сите вработени/веб страна
- СПОР
- Архива

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ - MINISTRIA E SPORTIT
Скопје - Shkup

EGZEMPLARI ARKIVOR